РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 14-669/1
02.02 2026 год.
КАВАДАРЦИ

Финансирано од Европска Унија

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ПАРТНЕРСТВО СО ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ (УНДП) ОБЈАВУВА:**

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ВО РАМКИ НА РЕГИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН 3 (ReLOaD3)

Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 3 (ReLOaD3) е продолжение на партнерството на ЕУ - УНДП и претходно поддржаните иницијативи ReLOaD1 и ReLOaD2 што се спроведоа во период 2017-2024 год.

ReLOaD3 програмата ќе трае до јануари 2029 и има за цел јакнење на партнерствата меѓу општинските власти и граѓанското општество преку создавање на поповолна средина за граѓанските организации (ГО), со поддршка на транспарентно јавно финансирање, поттикнувачка правна рамка, како и зголемено граѓанско учество во креирањето, спроведувањето и следењето на јавните политики.

Во програмата се вклучени 5 општини: Аеродром, Берово, Кавадарци, Центар и Штип.

Општина Кавадарци и ReLOaD3 програмата ги повикуваат сите граѓански организации да поднесуват предлог проекти кои се доследни на развојните цели на општина Кавадарци и со кои се опфатени следните приоритетни области:

## ПРИОРИТЕТИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

### 1. Заштита на животна средина

**1.1.** Унапредување и заштита на животната средина на територијата на Општина Кавадарци

**1.2.** Поддршка на активности и инизијативи за решавање на проблеми со климатските промени, проблеми со загадувањето особено загадениот воздух и проблем со отпад

**1.3.** Проекти со иновативен пристап за активности за заштита на животната средина и подигање на еко свест за зачувување на биодиверзитетот во локалната заедница: еко патеки,урбано зеленило,

**1.4.** Активности за заштита на биодиверзитетот на Тиквешко Езеро

## 2. Здравство и социјална заштита

**2.1.** Проекти за спречување на секов вид насилство, особено врсничко насилство кај деца од училишна возраст

**2.2.** Реализација на активности и програми со цел подобрување на квалитетот и начинот на живот на лицата од ранливи категории и лица со попреченост

**2.3.** Реализација на проекти и активности за заштита и поддршка на жртви на семејно насилство

**2.4.** Активности за врсничка едукација и поддршка на ранливи категории граѓани засегнати од секаков вид на зависности

## 3. Локален економски развој

**3.1.** Активности за унапредување и промоција на еко и вински туризам

**3.2.** Поттикнување на проекти и активности за едукација на лица со цел унапредување и промоција на органско производство

**3.3.** Реализација на активности и програми за развој на алтернативен (планински) туризам особено велосипедизам и планинарење на територија на Општина Кавадарци

**3.4.** Проектни активности за развој и промоција на туризмот, уметноста и културата на Општина Кавадарци

**3.5.** Реализација на активности насочени за поголема социјализација на лица над 50 годишна возраст

## 4. Родова еднаквост

**4.1.** Подобрување на економската состојба на жените преку поддршка на проекти за само-вработување особено кај жените од руралните средини и ранливите групи.

**4.2.** Реализација на програми и активности за заштита на човековите права преку заштита од дискриминација, спречување на секаков вид насилство особено над млади и жени.

Граѓанските организации можат да достават апликации во рамките на три ЛОТ-а:

| ЛОТ | ВРЕДНОСЕН ПРАГ | Времетраење на проектите |
|---|---|---|
| ЛОТ 1 | 150,000 – 307,000 МКД | од 4 - 9 месеци |
| ЛОТ 2 | 307,001 – 615,000 МКД | од 6 - 12 месеци |
| ЛОТ 3 | 615,001– 1,537,000 МКД | од 6 - 12 месеци |

**ПРАВО НА УЧЕСТВО:**

Јавниот повик е отворен за сите граѓански организации кои се формално регистрирани во Северна Македонија согласно со важечката законска регулатива (Закон за здруженија и фондации). Сите заинтересирани граѓански организации може да најдат детални информации за условите за пријавување и за критериумите за финансирање на проекти во Насоките за подносителите, кои се составен дел од документацијата за јавниот повик.

**Важно:** Подносителите на пријава мора да достават **важечка потврда/решение за регистрација на организацијата во земјата** (за носителот на проектот и евентуални партнери) **кој е задолжителен документ**.

**ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА:**

Сите потребни информации и електронската верзија на од документацијата може да се најдат на веб-страницата на општина Кавадарци (https://kavadarci.gov.mk/), како и на веб-страницата на УНДП МК (www.undp.org/north-macedonia), во периодот од **02 февруари до 02 март 2026 година**.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

Јавниот повик ќе трае од 02.02.2026 (од 9:00 часот) до 02.03.2026 (до 15:00 часот). За времетраењето на јавниот повик ќе се одржи инфо сесија, обука и менторска поддршка за граѓански организации кои ќе учествуваат на јавниот повик. **Инфо сесијата и првиот ден од дводневната обуката ќе се одржат на 04.02.2026 во Големата салата во Општина Кавадарци, со почеток во 10:00 часот. Вториот ден од обуката ќе се одржи на 05.02.2026 година.**

Првата менторска средба е закажана за **12 февруари 2026 година**, а во текот на обуката ќе бидат договорени термините за преостанатите 3 менторски средби кои ќе бидат објавени на општинската веб страна.

Прашања во врска со јавниот повик може да се испратат електронски на следната е-мејл адреса: registry.mk@undp.org со **назнака за ReLOaD3 програмата** најдоцна до 23.02.2026. Одговорите ќе бидат испратени електронски во рок од 3 дена од приемот на барањето.

**ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ:**

Документацијата за јавниот повик треба да биде доставена во електронска форма на USB и треба да ги содржи задолжителните документи:

| | |
|---|---|
| **ЛОТ 1** | 1. Проектен предлог<br>2. Предлог буџетот<br>3. План на активности и промоција<br>4. Решение за регистрација на граѓанските организации |
| **ЛОТ 2 и ЛОТ 3** | 1. Проектен предлог<br>2. Предлог буџетот |

| | |
|---|---|
| | 3. Логичка рамка<br>4. План на активности и промоција<br>5. Решение за регистрација на граѓанските организации |

Документацијата треба да биде испратена по препорачана пошта или лично, во запечатен плик на кој е назначено дека е за јавниот повик, во работни денови (понеделник до петок), помеѓу 09:00 и 15:00 часот, на следната адреса:

Општина Кавадарци
Плоштад Маршал Тито бб.,
1430 Кавадарци

Апликациите кои ќе бидат поднесени по овој краен рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенската марка стои датум и време на испраќање пред официјалниот краен рок. На надворешната страна на пликот мора да стои името на јавниот повик за поднесување предлог проекти, целосното име и адреса на подносителот, целосниот назив на проектот и назнаката **„Да не се отвора пред официјалното отворање"**.

Резултатите од Јавниот повик ќе бидат објавени на веб-страниците на општина Кавадарци www.kavadarci.gov.mk и УНДП МК https://www.undp.org/north-macedonia како и на огласната табла во општина Кавадарци, во рок од 45 работни дена од затворањето на Јавниот повик (освен во случај на непредвидени околности). Само организациите чии апликации се избрани за финансирање ќе бидат известени по писмен пат.